

# БИТОЛА
# BITOLA

# ПРИРОДНОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И НАСЕЛЕНИЕ

# NATURAL AND GEOGRAPHICAL FEATURES AND POPULATION

Во функција на збогатување на т.н. југозападен сообраќаен коридор или оската на развојот, ќе биде планирана изградбата на железничката линија Битола – Охрид, изградбата на карго аграрен аеродром, изградбата на гасовод-плиновод, потоа, на помала рафинерија и, секако, отворањето слободна царинска зона.

Широкото градско подрачје лежи на палеозојски и на квартарни седименти. Градот е распространет на флувиоглацијални, алувијални и делувијални наноси, и на плавински материјал. По своите морфотектонски карактеристики градот е сместен на дисецирана морфопластика, на издигнат хорст и на зарамнето котлинско дно, со голема височинска разлика од околу 2.000 метри.

Од климатски поглед, за градот би подвлекле повеќе карактеристики. Во Битола, официјално, главната метеоролошка станица започнува со работа од 1945 г., иако, за одредени метеоролошки елементи, има систематски податоци од 1926/27 г. Метеоролошката станица во градот се наоѓа на надморска височина од 586 метри. Според метеоролшките податоци, градот има средна годишна температура на воздухот од 11,1°C, но со големи отстапувања во одредени години од 10,1°C во 1975 година до 13,1°C во 1952 година, што значи колебањето на средногодишната температура изнесува цели 3,0°C. Најстуден месец е јануари, со просечна месечна температура од 0,6°C, но со апсолутна минимална температура од –30,4°C (измерена на 07.01.1993 г.). Најтопол месец е јули, со средна месечна температура од 22,2°C и со апсолутни максимална температура од 41,2°C (на 06.8.1988 г.). Апсолутното годишно колебање на температурата во воздухот изнесува 71,6°C што е специфика на подрачјата со континентална клима.

Пролетните и есенските месеци се со пријатни температури на воздухот, но истите можат да добијат специфики и на продолжена зима или на продолжено лето. Според тоа, во Битола, климата, во основа, е со умереноконтинентален карактер, со нагласена континентална компонента, со динамична и со нестабилна клима на суво многу топло и долго лето и на зимски период поделен на пократок, сув и студен. Поинаку кажано, температурата има специфика на континентална клима, а врнежите, на сушна изменето-медитеранска или степска клима која, на моменти, има пробиви и на жешки воздушни маси од Северна Африка – Сахара.

Поради големата надморска височина и близината на Пелистер, во летниот период на годината, ноќите и приквечериите се пријатни и свежи. Во зима, поради густите магли, се јавува и температурна инверзија, односно, наместо температурите, со надморската височина, да опаѓаат, тие, напротив, растат, и тоа заради присуството на студен воздух и густа магла во котлината, а топол, на планинските страни. Ваквата температурна амплитуда на релацијата котлина–планина може да достигне и повеќе од 20 до 30°C.

Просечното годишно количество на врнежи изнесува 601 мм. Со вредности кои се движат од 338 мм до 879 мм, што претставува разлика која е близу до просечното годишно количество. Овие количества врнежи всушност се карактеристика за две крајности од катастрофални суши до поплави. Најмногу врнежи паѓаат во ноември и во декември, по околу 70 мм, а најмалку во јули и во август, по под 30 мм.

Битола е позната и по други климатски екстремности: сончевиот сјај кој има средно годишно траење од 2.325 сончеви часови, а потоа, појавата на густи магли од 23 дена, на мразни



*Битола денес*
*Bitola today*

The broader town area rests on Paleozoic and Quarternary sediments. The town extends on fluvioglacial, alluvial and diluvial diments and inundated material. As for its morpho-tectonic features, the town is located on dissected morphoplastics, raised horst and a flattened plain bottom with an altitude difference of about 2,000 metres.

In terms of Bitola`s climate, we could point out the following features. The official main meteorological station was brought into use in 1945, although certain meteorological elements can be traced through systematic data as far back as 1926/27. The town meteorological station is situated at an altitude of 586 metres. According to the meteorological data, the town has an average yearly air temperature of 11.1°C, with great exceptions in certain years (from 10.1°C in 1975 to 13.1°C in 1952). That indicates that the average yearly temperature varies by a whole 3.0°C. January is the coldest month, with an average temperature of 0.6°C, and with an absolute minimum temperature of -30.4°C (measured on 7 January 1993). July is the hottest month, with an average temperature of 22.2 °C, and with an absolute maximum temperature of 41.2 °C (on 6 August 1988). The absolute yearly span of the air temperature amounts to 71.6 °C, which is a feature of regions with a continental climate.

The spring and summer months have pleasant air temperatures, but these can also acquire the features of a prolonged winter or a prolonged summer. Thus, Bitola`s climate is basically of a moderate continental character, with an emphasis on the continental component. This implies a dynamic and unstable climate with a dry, very hot and long summer; whereas the winter is divided into a shorter dry period and a cold one. In other words, the temperature is specific to the continental climate, whereas the rains are specific to a dry, altered-mediterranean and steppes climate, with the occasional appearance of a hot air mass from North Africa–the Sahara.

Because of the high altitude and the proximity of Mt. Pelister, the nights and the evenings are pleasant and cool during the



периоди со траење од 51 до 235 дена, на безмразен период од 168 до 257 дена, на летни денови со над 25°C од 65 до 110 дена, од кои, со над 30°C, се просечно 45–50 дена, потоа на екстремно големи испарувања во летните и во есенските месеци, со зими без снег и со зими со над 80 см снежна покривка, со силни ветрови од јужен и од северен правец.

Во светската географска литература, Битола, освен по климата, позната е и како град низ кој поминува изохазмата 0,1. Тоа значи дека, на небото над Битола, просечно еднаш во 10 години, се појавува поларна светлина.

Од големо значење за Битола е реката Драгор, десна притока на Црна Река, која, на специфичен начин, му дава посебен белег на градот. Драгор тече низ средината на градот. Реката има регулирано корито, со кејови, во должина од 3,5 км, како и повеќе каскади. Средниот годишен проток на реката Драгор се движи од 2 до 3 м$^3$/сек, со водостој од 10 до 50 см и таа пријатно го освежува градот.

Според педолошките карактеристики, во рамките на градот се среќаваат смолници, алувијални и делувијални почви. Додека пак, од вегетацијата, непосредната околина на градот е пошумена со шумски комплекси на бор, бреза, липа, јавор, багрем и друго. Во самиот град постојат еден поголем парк и две-три помали зелени површини.

summer. In winter, due to thick fogs, there can be a temperature inversion, i.e. the higher the altitude, the greater the temperature. Owing to the presence of cold air and thick fog in the plain, and warm air on the mountiainside, the temperature amplitude between the plain and the mountain may reach even more than 20-30 °C.

The average yearly sum of rain amounts to 601mm, with values ranging from 338 mm to 879 mm. In fact, these sums represent two extremes, from disastrous droughts to floods. Rain is most frequent in November and December, about 70mm per month; and it is scarce in July and August, less than 30 mm per month.

Bitola is also famous for certain other climatic extremes: its average of 2,325 hours of sunshine per year; the occurrence of thick fog for 23 days; icy periods lasting from 51 to 235 days; an iceless period lasting from 168 to 257 days; from 65 to 110 summer days with a temperature of over 25 °C, out of which on 45-50 days on averege the temperature is over 30 °C; enormous evaporation in summer and autumn; snowless winters and winters with over 80cm of snow; strong winds blowing both from the South and from the North.

In world geographical literature, Bitola is also well-known as a town through which the 0.1 isochasm passes. That means that once in ten years a polar light appears in the Bitola sky.

The River Dragor, a right branch of the River Crna, is of immense significance for Bitola. It flows through the middle of the town and adds a particular flavour to it in its own special way. The river has a regulated riverbed with over 3.5 km of enbankments and several waterfalls. With an average yearly flow ranging from 2-3m$^3$/sec and with a water level of 10-50 cm, the Dragor pleasantly refreshes the town.

As regards its pedological features, one can find resinous, alluvial and diluvial soils in Bitola. As regards the vegetation, the vicinity of the town is forested with pine trees, breeches, linden, maple, locust, etc. In the town itself, there is quite a big park and a couple of smaller green areas.

## *Демографски карактеристики – население*

## *Demographic Features – Population*

Низ долгата историја на Битола, бројната и демографската структура на населението во градот не можат да се следат. Според процената, античката Хераклеја Линкестис приближно броела од 3.000 до 6.000 жители, а средновековна Битола, во византискиот период, имала околу 3.000 жители. Во периодот од XI до XVII век бројот на жителите во Битола се движел во границите од 3.000 до 10.000 жители. Повеќе податоци за населението во Битола срекаваме од XVIII и во XIX век кога, како резултат на миграцијата село—град, бројот на жителите во градот забрзано растел, од 10.000 до 50.000 жители. Веќе од XX век, преку официјалните статистички податоци можеме поточно да го следиме бројот на жителите во градот. Меѓутоа, како резултат на воено-политичките превирања, на востание, на неколку војни, на засилената емиграција, бројното движење на населението значително осцилира. Така, во периодот 1900–1944 година, бројот на населението се менува од 37.000 жители (во 1900 г.) на 65.000 (во 1911 г.) за да се намали повторно на 28.000 жители (во 1941 г.).

Веќе од 1948 година па наваму, официјалната македонска статистика, во вкупно седум пописи, регистрира речиси континуирано зголемување на бројот на население во градот. Во 1948 година населението во градот изнесува 30.761 жител за да се зголеми на 77.464 жители, во 1994 година, и тоа распоредени во 23.040 домаќинства, со просечно по 3,36 члена во домаќинство. Денес, бројот на населението во градот изнесува околу 82.000 жители, со учество од 4% во рамките на Републиката (2.022.547 жители, попис 2002).

Гледано според половата структура, женското население е побројно, со учество од 50,4%, спрема 49,6% кај машкото население. Според староста, населението од 0 до 19 години учествува со 28,2%, втората старосна група од 20 до 64 години учествува со 60,8% и старото население, од над 65 години, со 11,0%, но со тенденции истото да се зголемува за сметка на претходните две групи. Односно, населението во градот постепено старее, што, секако, е резултат на нискиот природен прираст кој, во последните години, се движи на границата ±1‰.

Битола, како универзитетски центар, се карактеризира со висок степен на образовано население, како резултат на поголемата мрежа на предучилишни установи, на основни и на средни училишта, на виши школи и на факултети. Сепак, бројот на неписмени лица во градот сè уште е висок, со околу 2%, од кои најголемиот број се стари лица.

Националната структура во Битола во себе носи длабоки историски влијанија. Според податоците од пописот од 1994 година, во националната структура на Битола, апсолутно доминира македонскиот народ –Македонците, со 91%, а потоа следат другите националности и малцинства: Албанците, со 2,5%, Ромите, со 2,2%, Турците, со 2,0%, Власите, со 0,9%, Србите, со 0,7% и останатите, со 0,7%. Идентична е состојбата и според мајчиниот јазик со доминација на македонскиот јазик, од 93%, албанскиот, 2,6%, турскиот, 1,9%, влашкиот, 0,7%, српскиот или хрватскиот, 0,6%, ромскиот, 0,4%, и други јазици,

In the long history of Bitola, the number of the population and its demographical structure cannot be followed. According to certain estimations, Heraclea Lyncestis numbered about 3,000–6,000 inhabitants; whereas mediaeval Bitola, in the Byzantine period, numbered about 3,000 inhabitants. In the period from the XI to the XVII centuries, the number of Bitola`s inhabitants ranged from 3,000–10,000. There are more data on the population dating from the XVIII and XIX centuries, when the number of the inhabitants of the town rapidly increased from 10,000–50,000 as a result of rural-urban migration. Since the XX century, the number of the population can be followed more closely through official statistical data. However, as a result of military and political turmoils, the uprising, several wars and increased emigration, the number of the population has oscillated considerably. Thus, in the period from 1900 to 1944, the number of the population increased from 37,000 inhabitants (in 1900) to 65,000 inhabitants (in 1911) and then decreased to 28,000 inhabitants (in 1941).

Since 1948, the official Macedonian statistics have recorded in the seven censuses an almost continual increase in the population of the town. In 1948 the town population amounted to 30,761 inhabitants; whereas in 1994 it had grown to 77,464 inhabitants. These were all members of the 23,040 households with an average of 3.36 members per household. Nowadays, the town population amounts to 82,000 inhabitants, thus participating with 4% in the overall population of the Republic of Macedonia (2,022,547 inhabitants - Census 2002).

In terms of the sex structure, the female population outnumbers the male population by 50.4% to 49.6%. According to age, the population aged 0-19 is represented with 28.2%; the second age group, from 20-64, is represented with 60.8%; and the elderly population is represented with 11.0%, with a tendency to increase at the expense of the previous two groups. This means that the town population is gradually growing older, which is undoubtedly due to the low birth rate, which has varied around ±1‰ in recent years.

As a University centre, Bitola is characterized by a high degree of educated people as a result of its vast network of pre-school institutions, primary and secondary schools, advanced schools and faculties. Yet the number of illiterate people is still high, about 2%, most of whom are elderly people.

The ethnic structure of Bitola has been profoundly influenced by history. According to the figures of the 1994 census, in the ethnic structure of Bitola, the Macedonian people are absolutely predominant. There were 91% Macedonians, who were followed by the ethnic minorities: 2.5% Albanians, 2.2% Romanies, 2.0% Turks, 0.9% Vlachs, 0.7% Serbs and 0.7% others. As for the mother tongue, the situation is identical. The Macedonian language is predominant with 93%, Albanian is spoken by 2.6%, Turkish by 1.9%, Vlach by 0.7%; Serbo-Croatian by 0.6%; Romany by 0.4% and other languages by 0.8%. According to religion, the Orthodox faith is predominant with 90%, followed by the Moslem faith with 8% and other religions with 2%.

The working population participates with about 47% in the town population, with absolute domination of the tertiary sector,

со 0,8%. Според вероисповедта, православната вера доминира, со 90%, потоа следи муслиманската, со 8%, и останатите, со 2%.

Активното население во градот учествува со околу 47%, со апсолутна доминација на терцијарниот сектор, а потоа следат секундарниот и примарниот сектор. Според структурата на активното население по дејности, на примарно место е индустријата, потоа следат образованието, науката и културата, па трговијата, угостителството и туризмот, земјоделството, градежништвото, сообраќајот итн.

Посебна карактеристика на градот се миграционите движења. Имено, градот, во последите 50 години, како резултат на механичкиот прилив, своето население го зголеми за повеќе од 2,5 пати. Меѓутоа, тоа зголемување ќе беше уште поголемо доколку не постоеја надворешните миграции, особено масовното иселување од Битола, во странство. Така, според податоците од 1994 година, само од град Битола во странство има 12.860 лица, а од општината, 23.662 лица, или вкупно 36.522 лица, односно 33,7% од населението е во странство. Меѓутоа, се проценува дека нивниот број е поголем и изнесува околу 20.000 лица од градот и над 30.000 лица од општината, односно, вкупно граѓани, со потекло од Битола и од Битолско, во странство има приближно 50.000 лица, или 46% од населението од Битола и Битолско е намалено како резултат на надворешното мигрирање. Најголем број од иселеништвото е сконцентрирано во: Австралија, САД, Канада, Шведска, Германија, Франција, Данска, Австрија, Швајцарија итн.

Како резултат на забрзаната индустријализација и на урбанизацијата на градот, зголемен е и бројот на дневните мигранти кој се движи околу 9-10.000 лица. Во градот среќаваме и население од странство, со привремен престој.

Административно гледано, градот Битола е седиште на Општина Битола, но и главен регионален центар за југозападниот регион кој зафаќа површина од 6.025 км$^2$ или 23,4% од територијата на Република Македонија. Од 1996 година, старата Општина Битола, која имаше површина од 1.798 км$^2$, со 108.203 жители, е поделена на 9 посебни општини. Така, денешната Општина Битола е со седиште во градот и зафаќа површина од 233,3 км$^2$. (Попис 2002, први резултати: Општина Битола 86.408 жители)

which is followed by the secondary and primary sectors. According to the structure of the working population in terms of occupation, industry comes first; followed by education, science and culture; trade, catering and tourism; agriculture; civil engineering; transportation, etc.

Migration is a special feature of the town. Thus, in the last 50 years, as a result of a mechanical inflow, the population of the town has multiplied by more than 2.5 times. However, that increase would have been much higher, had it not been for external migrations, i.e. the enormous emigration from Bitola abroad. According to the 1994 figures, there are 12,860 persons from the town of Bitola abroad; a further 23,662 people from the municipality are also abroad, which means that a total of 36,522 persons, i.e. 33.7% of the population, is abroad. However, it is estimated that these figures are even higher, and that their number amounts to around 20,000 persons from the town and over 30,000 from the municipality. This means that approximately 50,000 persons originating from Bitola and its surroundings live abroad, i.e. the population of Bitola and its surroundings has decreased by 46% as a result of external migration. The greatest number of emigrants are concentrated in Austalia, the USA, Canada, Sweden, Germany, France, Denmark, Austria, Switzerland, etc.

As a result of the intensive industrialization and urbanization of the town, the number of commuters has increased, amounting to about 9-10,000 people. There is also a foreign population, on temporary residence in Bitola.

From the administartive point of view, Bitola is the seat of the Municipality of Bitola, but also a main regional centre in the south-west region, which occupies an area of 6,025 km$^2$ or 23.4% of the Republic of Macedonia. Since 1996, the old the Municipality of Bitola, which covered an area of 1,798 km$^2$ with 108,203 inhabitants, has been divided into 9 separate municipalities. Thus, the presentday Municipality of Bitola is seated in the town itself and occupies an area of 233.3 km$^2$. (Census 2002 – First Results: Municipality of Bitola 86,408 inhabitants).

Население, според националноста, во градот Битола, за 1948 и за 1994 година и Општина Битола, за 2002 год.
Population according to nationality in the town of Bitola in 1948 and 1994 and Municipality of Bitola in 2002

| | Национaлност / Nationality | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно Total | Македонци Macedonians | Албанци Albanians | Роми Romanies | Турци Turks | Власи Vlachs | Срби Serbs | Други Others |
| 1948 | 30.761 | 23.734 | 1.327 | 0 | 3.543 | 420 | 912 | 348 |
| % | 100 | 77,2 | 4,3 | 0 | 11,5 | 1,4 | 2,9 | 11,3 |
| 1994 | 77.464 | 70.528 | 1.967 | 1.676 | 1.547 | 696 | 556 | 494 |
| % | 100 | 91,0 | 2,5 | 2,2 | 2,0 | 0.9 | 0.7 | 0,7 |
| 2002 | 86.408 | 77.470 | 2.522 | 2.594 | 1.580 | 1.183 | 515 | 544 |
| % | 100 | 89,66 | 2,92 | 3,00 | 1,83 | 1,37 | 0,60 | 0,62 |

**Издавач**
*НИД МИКЕНА Битола*

**Published by**
*NID MIKENA Bitola*

**За издавачот**
**Директор**
*КИРЕ ЃОРГИЕВСКИ*

**For the Publisher**
**Manager**
*KIRE GJORGJIEVSKI*

**Уредник**
*ПЕТАР АТАНАСОСКИ*

**Editor in Chief**
*PETAR ATANASOSKI*

**Технички уредник**
*КИРЕ ЃОРГИЕВСКИ*

**Art Editor**
*KIRE GJORGJIEVSKI*

**Редакциски одбор**
*НИКОЛА В. ДИМИТРОВ*
*(претседател)*
*ЛИЉАНА ХРИСТОВА*
*КЕТИ ТРПКОВСКА*

**Editorial Board**
*NIKOLA B. DIMITROV*
*(Chairman)*
*LILJANA HRISTOVA*
*KETI TRPKOVSKA*

**Јазична редакција**
*ЛИЛЈАНА УГРИНОВСКА*

**Language Editor**
*LILJANA UGRINOVSKA*

**Превод на англиски јазик**
*НАТАША СТОЈАНОВСКА*

**Translation into English**
*NATASHA STOJANOVSKA*

**Јазична редакција на англискиот текст**
*ГРЕАМ И ПЕГИ РИД*

**English Language Editing**
*GRAHAM AND PEGGY REID*

**Фотографии**
*ПЕТАР СТАВРЕВ*
*ДРАГАН РИСТЕВСКИ*
*ВИКТОР КАЛАУЗИ*
*СИМЕОН ГИРОВСКИ*
*ЕРОЛ БАЈРАМ*
*Од фотодокументација на МИКЕНА*

**Photography**
*PETAR STAVREV*
*DRAGAN RISTEVSKI*
*VIKTOR KALAUZI*
*SIMEON GIROVSKI*
*EROL BAJRAM*
*The MIKENA photographic archive*

**Компјутерска подготовка**
*НАДЕ ТИЛОВСКА*
*БИЉАНА ПИЛИ*

**Layout**
*NADE TILOVSKA*
*BILJANA PILI*

**Печати**
*НИД МИКЕНА Битола*

**Printed by**
*NID MIKENA Bitola*

**E-mail**
*mikena@mt.net.mk*

**E-mail**
*mikena@mt.net.mk*

Не е дозволено копирање или размножување, на оваа книга или нејзини делови, во каков било вид, без писмена согласност на издавачот.

No part of this publication may be copied or reproduced in any form without the prior written permission of the publisher.

| ИНДЕКС НА АВТОРИ НА ТЕКСТОВИТЕ | INDEX OF AUTHORS |
|---|---|
| Илија Хр. Алушевски (187) | Ilija Hr. Aluševski (187) |
| Петар Атанасоски (268; 274) | Petar Atanasoski (268; 274) |
| Здравко Божиновски (189) | Zdravko Božinovski (189) |
| д-р Петар Бојаџиевски (215) | Petar Bojadžievski, PhD (215) |
| Павлина Василева (219) | Vasileva Pavlina (219) |
| д-р Томе Груевски (255) | Tome Gruevski, PhD (255) |
| д-р Никола В. Димитров (13;16) | Nikola V. Dimitrov, PhD (13;16) |
| Димитар Димитровски (139) | Dimitar Dimitrovski (139) |
| Ѓорѓи Димовски - Цолев (28; 279; 281) | Gorgi Dimovski - Colev (28; 279; 281) |
| Аница Ѓорѓиевска Бизева (125) | Anica Gjorgjievska Bizeva (125) |
| Науме Ѓорѓиевски (107) | Naume Gjorgjievski (107) |
| Иван Ивановски (115) | Ivan Ivanovski (115) |
| м-р Јаким Ивановски (205; 211) | Jakim Ivanovski, MA (205; 211) |
| д-р Томе Јанакиевски (21) | Tome Janakievski, PhD (21) |
| Стеван Јанкуловски ( 174) | Stevan Jankulovski (174) |
| Иван Јолевски (171) | Ivan Jolevski (171) |
| д-р Владо Камбовски (55) | Vlado Kambovski, PhD (55) |
| д-р Димитар Котевски (97) | Dimitar Kotevski, PhD (97) |
| м-р Јован Кочанковски (37; 38; 41; 264) | Jovan Kočankovski, MA (37; 38; 41; 264) |
| Александар Крстевски - Кошка (151; 153; 157; 161) | Aleksandar Krstevski - Koška (151; 153; 157; 161) |
| м-р Ѓорѓи Лумбуровски (79; 81) | Gjorgji Lumburovski, MA (79; 81) |
| Панде Манојлов (103) | Pande Manojlov (103) |
| д-р Божидар Маслинков (89) | Božidar Maslinkov, PhD (89) |
| Димче Миновски (223) | Dimče Minovski (223; 225; 227) |
| д-р Ѓорги Михајловски (69) | Gjorgji Mihajlovski, PhD (69) |
| д-р Томе Наумов (247) | Tome Naumov, PhD (247) |
| Ристо Невеновски (258) | Risto Nevenovski (258) |
| д-р Игор Неделковски (231) | Igor Nedelkovski, PhD (231) |
| м-р Мито Пејовски (63; 65) | Mito Pejovski, MA (63; 65) |
| Кирил Петков (120) | Kiril Petkov (120) |
| Радмила Петкова (163) | Radmila Petkova (163) |
| д-р Кочо Сидовски (33) | Kočo Sidovski, PhD (33) |
| Валентин Соклевски (181) | Valentin Soklevski (181) |
| д-р Александар Стерјовски (111; 113; 191; 263; 266; 270; 272) | Aleksandar Sterjovski, PhD (111; 113; 191; 263; 266; 270; 272) |
| д-р Јове Димитрија Талевски (49) | Jove Dimitrija Talevski, PhD (49) |
| д-р Јосиф Талевски (197) | Josif Talevski, PhD (197) |
| Ѓорѓи Танковски (79; 81) | Gjorgji Tankovski (79; 81) |
| м-р Кирил Танчевски (184; 192) | Kiril Tancevski, MA (184; 192) |
| Лиљана Христова (129; 133; 135; 137) | Liljana Hristova (129; 133; 135; 137) |
| д-р Никола Христовски (235) | Nikola Hristovski, PhD (235) |
| Петар Целаковски (176) | Petar Celakovski (176) |
| Јорго Шундовски (145) | Jorgo Šundovski (145) |